РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-2053/1
25.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** сите радиодифузери што емитуваат ППР

**За:** Управителите/директорите и одговорните уредници


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**


**Предмет: Известување за достава и за потврда на извештаите за ППР**

Почитувани,

Според член 76-д од Изборниот законик, Државната изборна комисија (ДИК) ги исплаќа трошоците за објавеното платено политичко рекламирање (ППР) врз основа на доставена фактура, во рок од 30 дена од објавување на конечните резултати.

За секој од учесниците во изборната кампања со кој бил склучен договор за платено политичко рекламирање се доставува посебна фактура.

Во прилог на секоја од фактурите, во ДИК треба да доставите: договор со учесникот во изборната кампања, медиа план од учесникот и потврден извештај за реализирани услуги. Медиа планот и извештајот за реализирани услуги се поднесуваат на обрасци пропишани, донесени и објавени од Државната изборна комисија.

Извештаите за реализирани услуги на радиодифузерите ги потврдува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од пет дена од денот на нивното доставување, а радиодифузерите се должни да ги достават до Агенцијата, во рок од пет дена од настапување на предизборниот молк.

Ве потсетуваме дека **извештаите** за реализирани услуги за првиот круг од Претседателските избори 2024, **треба да ги доставите најдоцна на 27 април (сабота),** со печат и потпис во скенирана форма, на електронската адреса izbori@avmu.mk. За побрза проверка на податоците, ве молиме, сите извештаи да ги доставите и во Excel формат. **Агенцијата ќе ги издаде потврдите на извештаите на 2 мај 2024 година, и ќе ви ги достави електронски, преку истата адреса izbori@avmu.mk.**

Исто така, ве потсетуваме дека потврдениот извештај треба да го доставите до учесникот во изборната кампања, а потоа целосната документација до Државната изборна комисија, во рок од пет дена од денот на потврдување на извештајот.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**